Коментари од оператори и одговор на коментарите

По предмет "Намера за спроведување на постапка на јавен тендер за определување на оператор и/или давател на универзална услуга"

Подносител на коментар: Македонски Телеком – Скопје

Точка 1- ПРЕДМЕТ

Предмет на оваа намера за спроведување на постапка на јавен тендер е избор на оператор и/или давател на универзална услуга за секоја од следниве услуги опфатени со универзалната услуга и тоа:

- *Обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги,*
- *Обезбедување на услуги за информации и јавен именик,*
- *Обезбедување на јавни телефонски говорници или други јавни пристапни точки за обезбедување на говорни телефонски услуги*

Коментар на МКТ:

Вака формулираниот предмет на Намерата не ги опфаќа одредбите од членот 110 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на РМ бр. 135/2025, 269/2026 и 132/2026), со што ги става обврските спрема лицата со посебни потреби вон опфатот на услугата за пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги. Цениме дека во првата услуга треба да се потенцираат и обврските кон лицата со посебни потреби и во Точка 1 - Предмет од Намерата, имајќи во предвид дека истите се опфатени и во Точка 2.6.

Одговор на коментар од страна на АЕК:

Коментарот не се прифаќа.

Затоа што членот 110 од Законот за електронските комуникации (понатаму ЗЕК), се однесува на еднаков пристап и еднаков избор на крајните корисници со попреченост , како обврска на сите оператори на јавно достапни електронски комуникациски услуги, а не само на операторот односно давателот на универзална услуга. "Македонски телеком" го наведува само членот 110 од ЗЕК, кој се однесува на крајни корисници со попреченост, а не ги споменува членовите 104 и 105 од ЗЕК кои што се однесуваат на обезбедување на универзална услуга по прифатливи цени што се однесуваат на социјално ранливите категории на крајни корисници. Во намерата се опфатени и социјално ранливите категории на крајни корисници и крајни корисници со попреченост за сите три услуги што ги опфаќа универзалната услуга, како што е наведено во точките 2.6, 3.2.2 и 4.2 од Намерата.

2.1. Услуги кои што треба да ги обезбедува операторот на универзална услуга

Дел од услугите кои треба да ги обезбедува операторот на универзална услуга за обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги, на секој краен корисник е и "Комуникација преку факс машина".

Поради застареноста на технологијата која никој повеќе не ја користи сметаме дека оваа услуга не треба да биде дел од услугите опфатени со универзална услуга.

Одговор на коментар од страна на АЕК:

Коментарот не се прифаќа.

Во однос на коментарот на "Македонски Телеком" дека комуникацијата преку факс машина претставува застарена технологија, укажуваме дека технолошкиот развој и распространетоста на одредена технологија не можат сами по себе да бидат основа за неприменување на важечките законски одредби.

Имено, согласно член 107 став (2) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 135/2025, 269/2025 и 132/2026), поврзувањето на крајниот корисник на фиксна локација со јавна комуникациска мрежа треба да овозможува поддршка за говор, факс машина и пренос на податоци со брзина доволна за обезбедување ефикасен пристап до интернет, согласно подзаконскиот акт од член 106 став (2) од ЗЕК.

Оттука, сè додека наведената законска одредба е во сила и се применува, истата мора да се почитува од страна на субјектите на кои се однесува. Фактот дека комуникација преку факс машина се смета за застарена технологија не претставува правен основ за еднострано исклучување на оваа функционалност од опфатот на законската обврска.

Доколку постои потреба од усогласување на законската регулатива со современите технолошки решенија и потребите на пазарот, тоа треба да се реализира преку соодветна законска или подзаконска постапка, во рамките на овластувањата утврдени со закон, а не преку самостојно отстапување од постојните законски обврски.

Точка 2.8 Критериуми за избор на давател на услуга

Во предлог Намерата дефинирани се следните критериуми за избор:

1. *Подготвеност на кандидатот да ја обезбеди услугата ќе се оценува според рокот за кој давателот на универзална услуга треба да ја обезбеди брзината на пренос на податоци од 30 Mb/s*
2. *Оценка за висината на потребните средства за обезбедување на услугата, односно предвидениот износ на надомест од компензацискиот фонд за универзална услуга што кандидатот ќе го побара за обезбедување на услугата*

Коментар на МКТ:

Сметаме дека тендерот и оценувањето на кандидатите за давател на Универзална услуга треба да се одвива во две фази како што е објаснето подоле.

Дополнително, сметаме дека подготвеноста на кандидатот да ја обезбеди услугата не може да се одреди само преку рокот за кој давателот на универзална услуга треба да ја обезбеди брзината на пренос на податоци од 30 Mb/s. Затоа, во Намерата треба да се дефинираат дополнителни критериуми за евалуација на подготвеноста на кандидатот за давател на универзална услуга односно критериуми кои ќе го дефинираат техничко-технолошкиот капацитетот на операторот. Според нас овие критериуми се клучни за избор на најдобриот кандидат и ја дефинираат подготвеноста на давателот на услуга да ги исполни сите обврски од подзаконскиот акт и од законот кои се однесуваат на давател на универзална услуга. Подготвеноста на операторот во моментот на тендерската постапка ќе значи непостоење на потреба од дополнителни инвестиции за остварување на обврските односно помали побарувања од фондот за универзална услуга. Од тука заклучуваме дека условите за квалификација за избор на давател на услуга треба да бидат со најголем тежински фактор и да носат најмногу бодови во тендерската постапка, а висината на надоместокот што ќе биде побаран од страна на операторот од Фондот за универзална услуга никако не смее да биде пресуден во изборот на давателот на услуга. Согласно погорното:

I. Следните критериуми ги предлагаме да **ја дефинираат во прва фаза подготвеноста на кандидатот на тендерот за избор на давател на универзална услуга**, за кои задолжително треба да се достави и доказ за нивно исполнување како дел од тендерската документација како предуслов за понатамошна евалуација според критериумите за избор:
   - ✓ Расположлива опрема и капацитети потребни за овозможување на универзална услугата на целата територија на државата;
   - ✓ Интернет капацитети, нивна моментална искористеност и планови за надградба на целата територија;
   - ✓ Гаранција дека услугите од универзална услуга ќе се обезбедуваат преку дедициран медиум кој ќе обезбеди услуга со постојан квалитет. (ако се користи мобилна технологија треба да се обезбеди дедициран капацитет за универзалната услуга бидејќи download брзините преку мобилна технологија зависат од моменталната искористеност на мрежните капацитети како што е pick hour во мрежата, што би било една причина да не се обезбеди континуиран квалитет);
   - ✓ Искуство и квалификации (стручен кадар, менаџерски кадар..).

II. Предлагаме во втора фаза на тендерот да влезат само успешните кандидати од првата фаза и да се применат следните критериуми:

Критериуми за избор на давател на универзална услуга за обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги предлагаме да се бодуваат на следниот начин:

1. Подготвеноста на кандидатот да ја обезбедува универзалната услуга (економска-финансиска и техничка способност) – вкупно**70 бода**, распоредени на следниот начин:

✓ **Вкупен број на пристапни линии преку фиксна мрежа (покривање)** независно од технологијата - **20 бода**

К1 = (Ai / A max) * 20, каде што

Ai е бројот на пристапни линии преку фиксна мрежа на понудувачот, заклучно со 31.10.2026 година;

Amax е максималниот број на пристапни линии преку фиксна мрежа на било кој од понудувачите, заклучно со 31.10.2026 година,

✓ **Вкупен број на пристапни линии преку фиксна мрежа кои може да се овозможи интернет од 30 Mbps (покривање)** независно од технологијата - **20 бода**

К1 = (Ai / A max) * 20, каде што

Ai е бројот на пристапни линии на фиксна локација на понудувачот преку кои се овозможува интернет, заклучно со 31.10.2026 година;

Amax е максималниот број на пристапни линии на фиксна локација преку кои се овозможува интернет на било кој од понудувачите, заклучно со 31.10.2026 година

✓ **Број на активни корисници на операторот - 20 бода**

- Се пресметува врз основа на бројот на активни корисници на јавни телефонски и интернет услуги на фиксна локација (поединечна услуга и услуга во пакет) преку јавна електронска комуникациска мрежа, заклучно со 31.10.2026 година, согласно следната формула: К=К1+К2

К1 = (Ai / A max) * 16, каде што

Ai е бројот на претплатници преку фиксна мрежа на понудувачот;

Amax е максималниот број на претплатници преку фиксна мрежа на било кој од понудувачите, и

К2 = (Ai / A max) * 4, каде што

Ai е бројот на претплатници преку мобилна мрежа на понудувачот;

Amax е максималниот број на претплатници преку мобилна мрежа на било кој од понудувачите

- ✓ **Позитивен биланс на успех и биланс на состојба на операторот во претходните три календарски години - 10 бода**

2. Висината на потребните средства за обезбедување на услугата односно предвидениот износ на надомест од Фондот за универзална услуга што кандидатот ќе го побара за обезбедување на услугата – **30 бода** (максималниот број на бодови се доделува на понудувачот кој има најнизок проценет нето трошок за обезбедување на услугата на која се однесува понудата).

Предлогот на Македонски Телеком е во согласност со **"BEREC Report on Universal Service – reflections for the future", BoR (10) 35 Designation of the universal service provider(s), 3. Designation criteria** во кој се наведува дека во најголем број на европски земји кои го поминале процесот на назначување на даватели на универзална услуга, постојат две фази од процедурата на јавниот тендер, што беше применето и во Македонија во тендерската постапка за избор во 2011 година.

Првата фаза е проверка (исполнување на критериуми) дали кандидатите ги имаат неопходните квалификации за назначување за давател на универзална услуга.

Втората фаза е евалуација на кандидатите, односно кој од квалификуваните кандидати најдобро ги исполнува критериумите за исполнување на обврските од универзалната услуга.

Според овој извештај на BEREC во **техничките критериуми** за избор, меѓу другото, мора да бидат вклучени и следните критериуми:

- ✓ **достапност,** можноста да обезбедат пристап до сите корисници
- ✓ исполнување на параметрите за квалитет (да не се пречекорат минималните целни вредности)
- ✓ **искуство во овозможување на универзалната услуга** или слични услуги
- ✓ **големината на операторот во смисла на покривање** со јавна комуникациска мрежа за овозможување на јавни телефонски улуги на фиксна локација во регионот во кој ќе биде назначен давателот

Задолжително е исполнување и на **економско-финансиските критериуми** во кои според BEREC спаѓаат:

- ✓ **економско-финансиска состојба на операторот** (позитивен биланс на состојба и биланс на успех)

- ✓ тарифите кон крајните корисници
- ✓ нето трошокот/висината на средствата кои ќе ги побараува давателот на Универзалната услуга од Компензацискиот фонд

Одговор на коментар од страна на АЕК:

Коментарот и предлозите не се прифаќаат.

Предложените критериуми се во насока на фаворизирање на посилните оператори на пазарот, особено оператор кој поседува доминантна пазарна моќ на пазарите на фиксна телефонија и интернет услуги.

Техничката подготвеност на кандидатот однапред е клучна за тој да отпочне да обезбедува услуги опфатени со универзалната услуга. Поради тоа клучен е трошокот по кој ќе ги обезбедува услугите. Недозволиво е кандидат кој не е технички подготвен да аплицира на престојниот тендер за оператор и/или давател на универзална услуга и отпосле да се припреми за тоа како ќе ја обезбедува таа услуга. Токму поради тоа и при тендерската постапка ќе бидат побарани банкарски гаранции за подготвеноста на кандидатот. Критериумите како број на корисници, големина на технички персонал, големина на мрежа итн, само неоправдано ги фаворизира операторите со значителна пазарна моќ на пазарите за фиксна телефонија.

Агенцијата за електронски комуникации смета дека некои од предложените критериуми за првата фаза од селекцијата која што би била елиминаторна не се јасно мерливи што би преставувало дополнителен проблем при одлучувањето.

Многу важен критериум за селекција на кандидатите е нивната подготвеност за обезбедување на интернет пристап од 30Mb/s, што не е величина што може да се мери и бодира, но е услов кој операторот што сака да учествува на тендерот мора да биде подготвен да го исполни на разумно барање на корисник на универзална услуга.

Понатаму, во текстот на вашиот коментар давате предлози за вклучување на дополнителни критериуми како услов за избор на оператор за универзална услуга. Агенцијата за електронски комуникации смета дека податоците за повеќето од предлозите веќе ги поседува и обработува во согласност со член 67 од ЗЕК, согласно кој е наведено дека географскиот преглед кој што АЕК е должна да го спроведува и ажурира на секои три години, содржи преглед на географска достапност на постоечките широкопојасни мрежи на територијата на РСМ, планирано покривање со широкопојасни мрежи во наредните три години, определување на области каде што нема никаква покриеност со широкопојасни мрежи, податоци за параметрите на квалитет на услугите, нивните вредности на одделни различни подрачја во државата итн.

Имајќи предвид дека согласно член 111 став 10 од ЗЕК дека при определување на оператор на универзална услуга, АЕК мора да ги примени принципите на објективност, транспарентност, ефикасност и недискриминација, при што ниту едно правно лице кое врши дејност нема однапред да биде изземено од

постапката за избор на оператор и/или давател на универзална услуга. АЕК смета дека предложените дополнителни критериуми за кои што веќе поседува податоци не би можеле да се сметаат за релевантни при изборот на оператор и/или давател на универзална услуга.

Подносител на коментари: Р3 Инфомедиа – Скопје

Коментар 1:

Обезбедување на јавен именик во печатена форма по барање на крајниот корисник

Предлог:

Предлагаме да се измени соодветната одредба од Намерата, така што ќе се избрише обврската за обезбедување на јавниот именик во печатена форма, а пристапот до јавниот именик ќе се обезбедува во електронска форма.

Образложение:

Сметаме дека барањето давателот на универзалната услуга да го обезбедува јавниот именик и во печатена форма е **технички, економски и оперативно неоправдано**, имајќи ги предвид современите начини на пристап до информации и потенцијално непропорционалните трошоци.

Обезбедувањето на јавниот именик во печатена форма подразбира дополнителни активности и трошоци за подготовка, ажурирање, печатење, складирање и дистрибуција, при што секое поединечно барање на краен корисник може да предизвика несразмерни трошоци во однос на обемот на побараните информации. Дополнително, печатената форма не овозможува ажурирање на податоците по нивното издавање. Поради тоа, постои ризик од користење застарени или неточни информации, што може негативно да влијае врз точноста, актуелноста и корисноста на јавниот именик..

Особено е спорно што формулацијата **КРАЕН КОРИСНИК** ги опфаќа сите граѓани на РСМ. Оваа формулација не го ограничува бројот на барања (теоретски може секој граѓанин да достави вакво барање), обемот на податоците или трошоците, поради што давателот на услугата се изложува на потенцијално неограничени обврски што не можат однапред прецизно да се предвидат.

Од аспект на заштитата на личните податоци, особено е значајно да се обезбеди навремено ажурирање на податоците и почитување на правата на лицата на кои тие се однесуваат. Согласно законот за заштита на личните податоци, субјектот на личните податоци има право да ја повлече согласноста во секое време. Воедно, остварувањето на правата за исправка и бришење на личните податоци се врши согласно законските услови и ограничувања.

Во оваа насока, во точка 3.1 од Намерата е предвидена обврска за ажурирање на податоците во јавниот електронски именик во рок од 24 часа од приемот на податоците од операторот. Меѓутоа, податоците веќе објавени во печатено издание не можат дополнително да се изменат или отстранат од веќе отпечатените примероци. Ова создава практичен проблем во обезбедувањето актуелност на информациите и во постапувањето по барањата на субјектите на личните податоци.

Печатеното издание отвора дополнителни ризици, особено во поглед на неконтролираното умножување, понатамошното распространување и користењето на податоците надвор од првично предвидената цел. Поради тоа, ваквото решение бара дополнителна процена на усогласеноста со начелата за законитост, минимизација на податоците и ограничување на нивната цел согласно прописите за заштита на личните податоци.

Укажуваме дека и во изминатите десет години, во рамките на тендерските постапки за определување давател на универзална услуга, не била предвидена обврска за обезбедување на јавниот именик во печатена форма, токму од причините наведени претходно.

Имајќи го предвид наведеното, сметаме дека јавниот именик треба да се обезбедува само во електронска форма.

Одговор на коментар од страна на АЕК :

Коментарот се прифаќа.

Печатената форма на телефонскиот именик го ограничува правото на крајниот корисник во секое време по негов слободен избор и волја да ја отповика согласноста што ја дава согласно член 122 став (4) алинеја 2 од Законот за електронски комуникации.

Член 122 став(4) алинеја 2 вели: правото на крајниот корисник да избере дали неговите лични податоци и кои од истите ќе бидат вклучени во јавен именик и користени од службата за давање на информации за броевите на крајните корисници согласно членот 108 од овој закон.

Коментар 2:

Обезбедување на податоците за крајните корисници од страна на Операторите на Давателот на услугата за информации и јавен именик

Предлог:

Предлагаме во Намерата и во конечната тендерска документација недвосмислено да се утврди дека операторите се должни **бесплатно да му ги доставуваат на избраниот давател на универзалната услуга сите податоци неопходни за обезбедување на услугите за информации и јавен именик**.

Образложение:

Обезбедувањето на овие податоци претставува неопходен предуслов за исполнување на обврските на давателот на универзалната услуга, бидејќи без целосни, точни и навремено ажурирани податоци од операторите не е можно да се обезбеди функционален и ажуриран јавен именик.

Евентуалното наплаќање на податоците од страна на операторите би предизвикало дополнителни трошоци за давателот, би ја зголемило финансиската неизвесност при подготовката на понудата и би можело да ја доведе во прашање економската одржливост на обезбедувањето на услугата. Истовремено, различните цени и услови за доставување на податоците би можеле да создадат нееднаква положба и зависност на давателот од поединечните оператори.

Предлагаме одредбата во точка 3.1 од Намерата, која предвидува добивање на податоците по цени базирани на трошоци, да се измени и усогласи со одредбата што предвидува бесплатно доставување на податоците од операторите во т.3 од Намерата.

Одговор на коментар од страна на АЕК :

Коментарот не се прифаќа.

АЕК при подготовката на намерата, јасно и недвосмислено во точката 3, "Обезбедување на услуги за информации и јавен именик" наведува дека после потпишување на договорот со идниот давател на оваа услуга, операторите на јавни комуникациски услуги помеѓу лица кои користат нумерација се должни на давателот на универзална услуга за обезбедување на услуги за информации и јавен именик, **бесплатно да му ги предадат податоците за крајни корисници** во рок од 30 дена од денот на склучувањето на договорот за обезбедување на универзалната услуга со АЕК.

Давателот на универзалната услуга податоците за крајните корисници потребни за изготвување и ажурирање на јавниот именик ги добива од операторите на електронски комуникациски услуги, согласно ЗЕК.

Согласно член 108 став (8) од Законот за електронските комуникации, операторите се должни да ги задоволат сите оправдани барања за доставување податоци за крајните корисници во соодветна форма, при што доставувањето треба да биде во согласност со начелата на објективност, транспарентност, непристрасност, недискриминација и по цени базирани на трошоци.

Односите меѓу операторите и давателот на универзалната услуга во делот на доставувањето на податоците, вклучително и техничките услови, начинот на размена и надоместокот за доставување на податоците, може да се уредат

преку склучување на договор за меѓусебна деловна соработка, при што договорните услови мора да бидат во согласност со законските начела и обврски.

Притоа, деловната соработка меѓу операторите и давателот на универзалната услуга не може да претставува основа за ограничување или оневозможување на пристапот до податоците потребни за обезбедување на јавниот именик, ниту за утврдување цени што не се засновани на трошоците.

Следствено, обезбедувањето на податоците за јавниот именик претставува законски уредена обврска, додека начинот на нејзиното практично реализирање може да биде предмет на деловна соработка меѓу засегнатите субјекти, во рамките на важечката законска регулатива.

Изготвиле:

Работна група

Живко Белчев – координатор

Васил Ѓатовски – член

Валентин Ѓуровски – член

Славица Настеска – член

Наш број: 0201-2124/12

Скопје, 03.11.2026 година

Агенција за електронски комуникации

Директор

Nusret Haliti